

списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**

# АРХЕОЛОГИЈА

## копање подлабоко

број 10 ● Година II, 2015 ● цена 30 денари ● месечно издание





**Египетски, асирски, хетитски, римски погребни обичаи**

**Како постапуваат Евреите со своите починати?**



**Што се случува со душата?**

**Астрологијата во минатото**



**Зодијачките знаци**

Во овој број:

# ПОГРЕБНИТЕ ОБИЧАИ во библиските земји

# ОКУЛТИЗМОТ во минатото

*Погребните обичаи во библиските земји многу се разликуваат од една до друга земја и потекнувале од концептот кој луѓето го имале за задгробниот живот. Старите Египќани имале некои нејасни замисли во однос на тоа, па затоа не е можно тие да бидат прецизно опишани. Тие немале пишана доктрина за животот по смртта и затоа нивните мислења се разликувале, но врз основа на некои записи врежани во гробниците или запишани на папирус можеме да добиеме слика за тоа во што верувале.*

Обопштено гледано, тие верувале во опстанокот на два ентитета по смртта – Ба и Ка. Ба бил понекогаш симболизиран со птицата Ба, која напуштајќи го своето тело одлетала во вечното небо каде што била впиена од големата соларна светост, од каде што и дошла. Во однос на смртта на Тутмос (Thutmosis) III, било забележано дека тој го „исполнил своето време; одлетал кон небото, станал едно со сонцето и се помешал со Оној кој го создал" (Кога Египет управувал со Истокот - *When Egypt Ruled The East*, 64). Во време на смртта Ка исто така го напуштил телото, но останал во близина на гробот. Во животот по смртта Ка уживал во сè во што уживал и во текот на животот. Тоа бил дух кој јадел, работел, уживал во забавата и во останатите земни задоволства. Мебелот, цвеќињата и храната што била ставана во египетските гробници, не претставувале само почит кон мртвите; тие биле таму за да може Ка да ги користи во следниот живот. Фактот што храната не била изедена не ја вознемирило теологијата на живите. Според нивно мислење, Ка не се хранел со храната, туку со духот од храната. Прекрасните слики насликани на ѕидовите од гробниците не биле само декоративни. Тие ги претставуваат гозбите, ловењето, слушање на музичарите, гледање девојки како играат, насочување на слугите да работат и многу други активности во кои уживала личноста во текот на својот живот. Египќаните верувале дека сите овие сцени оживувале и Ка уживал во нив.



Древните египќани биле фасцинирани од смртта



Книгата на мртвите била полна со детали



## Мумиите за **ка**

Овој концепт ги мотивирал луѓето да го балсамираат телото и да изградат големи пирамиди. За да можел да функционира Ка, тој морал да има можност да се врати во телото. Би било страшно доколку телото се распаднело и исчезнело, па затоа морало да биде мумифицирано и заштитено со градење на пирамидите. Иронично е што со ниту една пирамида не се успеало во тоа. Мумиите останале нераспаднати во гробниците од 18-тата династија наваму. Фараоните најчесто биле закопувани во Долината на кралевите во Луксор (Valley of the Kings at Luxor). Ниту една мумија на крал не останала од времето на пирамидите. Ограбувачите на гробници знаеле за убавото богатство закопано со мртвото тело и целосно го ограбувале. Често пати вредни украси биле ставани на телата на починатите и биле замотувани покрај нив, така што ограбувачите најверојатно ги преместувале мумиите за полесно да дојдат до богатството.



Остатоци од мумии

## Погребни **бродови**

Обезбедување на погребен брод за починатиот било многу честа египетска практика. Повеќето од овие бродови биле мали, но Кеопс (Cheops), кој секогаш сè правел огромно, имал дури шест големи брода. На источната страна на неговата пирамида имало три вдлабнатини во облик на бродови. Нема бродови во нив и никој не знае што се случило со нив. Можеби локалните селани ги искористиле за палење оган пред илјада години. Во 1954 година две такви вдлабнатини биле откриени на јужната страна на неговата пира-



мида. Тие имале форма на квадрат, но во нив имало погребни бродови чии компоненти биле уредно врзани во снопови. Во еден таков, кој бил отворен, се наоѓале 651 предмет за кои требало да поминат години за да се соберат и





Погребни бродови: долу на Кеопс и горе на кралот Тут

да се спојат и сега бродот се наоѓа во специјален објект над вдлабнатината. Другата вдлабнатина не била отворена сè до октомври 1990 година, кога била ископана дупка во еден од камените блокови што ја покривале. Тогаш била вметната ТВ-камера за да се види содржината. Веројатно и овој брод исто така ќе биде собран и однесен на разгледување. Во 1991 година пат од катран кој се наоѓал на источната страна на пирамидата бил откорнат за да се спречи загадувањето на воздухот од моторизираните возила, како и да се спречи можно оштетување на пирамидата. Под овој пат била пронајдена уште една вдлабнатина која е сега веќе ископана. Во 1992 година биле пронајдени дванаесет погребни брода во околината на гробниците од првата династија во Абидос (Abydos). Тие биле закопани под пустински от песок. Целта на овие церемонијални бродови сè уште не е јасна. Некои упатуваат на тоа дека починатите би сакале да бидат пренесени од реката Нил до Абидос (Abydos), светиот град каде што бил погребан Озирис (Osiris), богот на починатите. Други, пак, мислеле дека бродот бил едноставно за задоволство на починатиот Ка, да плови по реката во текот на денот и да плови преку небото во ноќта. Сепак, не е објаснето зошто Кеопс би сакал шест брода, од кои два не се вклопуваат.

## Асирски обичаи

Малку се знае за постапувањето со починатите кај Асирците. Нивните релјефи и записи ги отсликуваат нивните воени и градежни достигнувања во текот на нивниот живот, а помалку се прикажуваат нивните очекувања по смртта. Се претпоставува дека тие ги кремирале починатите, но во 1988 година бил ископан еден ковчег во Нимруд. Се докажа дека е тоа гробот на кралицата Јабаја, 40-годишната сопруга на Саргон II и на нејзината сестра Талија. Ковчегот содржел околу 25 кг златни и сребрени украси. Таму бил пронајден и бакар, слонова коска и предмети од стакло кои биле распоредени по телото. Во рацете на кралицата било поставено златно шише закачено на златен синџир. Имало околу 10000 мали парчиња прекрасен накит како и многу садови, козметички производи, шишиња и блескава златна круна. Запис од особена важност бил вдлабнат во гранитна плоча 26x20 см на која е впишано следното: „Во името на Самас и Анунаки (асирски богови) и Јабаја, жената од палатата на Саргон, кралот на Дар – Шарукин крал на Асирија, ја видов мојата судбина, оставајќи го светот на патиштата на моите татковци". Оваа кралица не била кремирана. Највероватно тоа било прашање на избор како што е и денес.



Глава од слонова коска и златен накит од гробницата на кралицата Јабаја





## Хетитските погребни обичаи

Хетитите практикувале кремирање, но често пати и ги закопувале починатите. Во Алака Хујук биле откриени гробници во кои е најдено огромно богатство. Во Јанарлар биле откопани многу хетитски гробници, кои биле откриени од локалните фармери додека ги наводнувале полињата. Тие не пријавиле што нашле. Туку, наместо тоа, ги извадиле големите неоштетени садови и ги зеле со себе за да чуваат во нив храна и житарки. Телата на Хетитите биле ставани во овие големи садови, најпрво нозете, а потоа останатиот дел од телото, кои потоа биле закопани. Понекогаш се ставале вредни предмети внатре во садовите, а некогаш биле оставани покрај нив. Најчесто биле ставани садови со течности, од



Хетитски урни за кремирање


Хиндуси ги спалуваат починатите покрај река

што може да се заклучи дека на починатите им биле нудени пијалаци и можеби храна, или, пак, можеби во текот на погребувањето биле истурани пијалаци. На други места телата биле горени, а остатоците биле ставани во садови и закопувани. Не е познато како се случувало кремирањето. Во Индија Хиндусите граделе погребни клади од дрво од манго или од сандалово дрво за богатите, телото го ставале на врвот, а потоа додавале уште дрво над телото па потоа ставале стапчиња и брикети за да запалат оган одоздола. Главниот свештеник ми кажа дека се потребни четири до шест часа за да биде кремирано телото на слаб човек, но затоа подебел човек би бил готов за само три часа.



## **Римски** погребни обичаи

И Римјаните практикувале кремирање. Телото било горено, а пепелта ставана во дупки во ѕид наречен колумбариум. Еден таков колумбариум постои во Масада, а друг во Амација во Израел. Оваа практика на Римјаните ја објаснува појавата на катакомбите од страна на христијаните, кои верувале во воскреснување на телата при второто Христово доаѓање и не сакале да уништат дел од телото кое може да преживее, што се однесува на скелетот. Римјаните што практикувале кремирање не го одобрувале закопувањето на телата во земја, па затоа христијаните копале тунели и ги закопувале телата под земја. Овие тунели некогаш биле долги неколку милји и биле користени и како засолништа при протерување.


Колумбариум во Масада


Христијански катакомби


Керамички ковчези со човечки ликови

## **Како постапуваат** Евреите со своите починати

Евреите исто така ги закопуваат починатите. Понекогаш телото било погребувано во земја, а откако ќе се распаднело, коските биле вадени и ставани во т.н. осуари, кутии за коски, кои се чувале во пештери. Во некои места починатите биле сместувани во антропоидни керамички ковчези, големи глинени ковчези со човечки лик на капакот. Потоа тие биле погребувани во земја.


Еврејски осуар

Во други случаи гробниците биле обложени со гранитни плочи. Во текот на железното доба тие се правеле од камења, а внатре се ставале починатите. Дворната гробница во Ерусалим, за која порано многумина сметале дека е гробницата на Исус, сега се смета дека потекнува од тој период, направена стотици години пред Христа. Таа била приспособена за второ погребување во текот на византискиот период. Во Израел, во времето на Христа, вообичаена гробница се состоела од соби изрежани и вдлабнати во карпа и гробови наречени коким, врежани во страните на собите, каде што биле погребувани телата. Потоа се ставал округол камен преку отворот за да се запечати. Гробницата на Иродовото семејство во Ерусалим и гробницата на Кралевите, исто така во Ерусалим, се типични примери кои модерните туристи можат да ги посетат. Последната била направена од кралицата Елена од Абиаден, сириско кралство северно од Ирак. Таа и нејзиниот син Изат преминале во јудаизам по смртта на сопругот на кралицата Мумбаз, кој починал во 48 година во новата ера. Таа се преселила во Ерусалим и ја подготвила оваа гробница. Изат имал 24 сина; во гробницата имало многу гробни места. Округлиот камен пред гробницата бил отворен. Во иста таква гробница бил погребан и Исус. Во Библијата се вели дека Јосиф од Ариматеја го погребал Исус *„во својот нов гроб, што го беше издлабил во камен; па потоа постави голем камен над гробната врата“* (Матеј 27,60).


Гробницата во која се сметало дека бил положен Исус


Типична гробница од тој период


Во катакомбите на Бет Шерим има околу 200 саркофази

# Куќата
## на излезите

Во близина на Назарет има место кое е наречено Бет Шерим (Beth Shearim), што значи „куќа на излезите“. Овие гробници и катакомби имаат тешки украсени камени излези кои се подвижни за да се затвораат гробниците. Во вториот век Синедрионот се преселил во Бет Шерим, кој во тоа време станал многу важен град. Рабинот Јехуда Ханаси, кој собирал литература мишна, живеел таму, па таму бил и погребан, тој и неговите два сина. Во катакомбите на Бет Шерим има околу 200 саркофази. Повеќето се направени од камења од минерали, некои биле од мермер, а еден бил од олово. Тие се декорирани со многу различни дизајни: со геометриски фигури, со животни, со човечки ликови, менори (седум ламби - симболот на еврејството) и има испишани текстови на еврејски или на грчки јазик. Еден од тие текстови е клетва.




„Тој што ќе ја отвори оваа гробница, да заврши лошо“. Сепак, тоа не го спречило отворањето на гробницата. Сите саркофази биле отворени или смачкани и опустошени. Ова биле само некои од верувањата за тоа што се случува по смртта и некои од погребните обичаи на дамнешните народи. Во денешно време, има исто толку разлики во погребните обичаи и верувања, и сите не ни може да се исправни.

# Одговорите
## се во Библијата

Порано или подоцна, сите мора да умреме и сакаме да знаеме што ќе се случува потоа. Постои само еден начин да дознаеме што нè чека. Бог знае што се случува откако ќе умреме и тој ни го открил тоа во Библијата. Првата лекција што ја учиме од Библијата е тоа дека не треба да се плашиме од смртта. Таа порака ни ја пренесува оној што починал и се вратил за да ни каже за што всушност станува збор. Исус Христос бил ставен на крстот за да умре. Не постои сомневање дали тој бил вистински мртов. За да се уверат во тоа, *„еден од војниците со копје му ги прободе ребрата, и наеднаш истече крв и вода“* (Јован 19,34). Неговото тело било погребано во гробница и останало таму од петок навечер до недела наутро, кога тој оживеал. Многу години подоцна Исус Христос се појавил пред својот следбеник Јован на островот Патмос. Јован кажал: *„Штом го видов, паднав пред Неговите нозе како мртов. Тој ја стави својата десна рака врз мене и ми рече: 'Не плаши се! Јас сум Првиот и Последниот и Живиот. Бев мртов, и ете, жив сум за сите векови и ги имам клучевите од адот и смртта'“* (Откровение 1,17.18).


Исус ги има клучевите од смртта

## Смртта е
# само сон

Ако сакате да знаете како изгледа да се биде мртов, не прашувајте ниту погребник, ниту свештеник, ниту пак психолог. Тие никогаш не починале. Исус починал и тој ни вели, ***„немојте да се плашите“.*** Смртта е само сон и Исус Христос ги има клучевите од Хадес (збор што значи гроб), и тој може да ја отклучи вратата и да нè пушти надвор. Кога Исус живеел на земјата, имало едно семејство со кое тој бил особено близок. Тоа било семејството на Лазар, Марта и Марија, кои живееле во Витанија. Еден ден гласник дошол кај Исус и му кажал дека е Лазар болен. Се разбира, загрижените сестри на Лазар биле сигурни дека по добиената порака Исус ќе дојде во нивниот дом. Тие знаеле дека тој ги сака нив и нивниот брат и знаеле дека има моќ да ги лекува болните,


Смртта е најголемиот страв со кој се соочува човештвото

Бет Шерим (Beth Shearim) - „Куќа на излезите“

но Исус не се појавил. По два дена тој им порачал на неговите следбеници да одат во Витанија со зборовите: *„Лазар, пријателот наш, заспал; но одам да го разбудам"* (Јован 11,11). Учениците одговориле: *„Господи, ако заспал, ќе стане"* (стих 12). Исус потоа им кажал: *„Лазар умре"* (стих 14). Тој зборувал за смртта како за сон, а никој не се плаши од спиење. Кога ќе видите некој како спие, вие не се вознемирувате, затоа што знаете дека личноста ќе се разбуди освежена. Затоа христијаните не треба да се плашат од смртта. Исус може да ги разбуди починатите и да ги врати во живот. Кралот Давид ја разбрал оваа голема вистина и се соочил со иднината со сигурност. Тој напишал: *„А јас ќе го гледам лицето Твое во правда, ќе се наситам од ликот Твој, кога еднаш ќе се покаже славата Твоја"* (Псалм 17,15).

## Што се случува
## со душата?

За да одговориме на ова прашање мораме да го разбереме процесот на создавање. Во 1. Книга Мојсеева 2,7 во Библијата се вели: *„И Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа"*. Еврејскиот збор за „жива душа", кој е употребен тука е „nephesh" и е преведен како „душа" во верзијата на крал Џејмс. Ние можеме да направиме едноставна равенка од ова. **Тело + животен дух** (животна енергија или здив) = **душа.**



За Исус смртта е само сон

Кога настапува смртта, процесот е обратен, (**душа – животен дух = тело**). Во Библијата е запишано: *„Не надевајте се во кнезовите и во синовите човечки, во нив нема спасение. Излегува духот негов и тој се враќа во земјата: во тој ден исчезнуваат сите негови планови"* (Псалм 146,3.4). Во верзијата на крал Џејмс се вели: *„Во тој ден исчезнуваат сите негови мисли"* и тоа е концептот претставен во Проповедник 9,5: *„Живите знаат дека ќе умрат, а мртвите ништо не знаат"*. Значи, овде имаме спротивна равенка. Душа минус дух е еднакво на тело, а телото се враќа во земјата. Но, некои луѓе веруваат дека душата не може да умре. Меѓутоа, тоа не е учење на Библијата. Во Езекил 18,4 е запишано: *„Која душа греши, таа ќе умре"*. Бог е единствениот кој е бесмртен (1. Тимотеј 6,16). Тоа е јасно. Душата (тело + животен дух) може да умре. Но дали таа оди некаде? Не мора да значи дека е така. Светилката свети кога струјата ќе мине низ неа, но ако е струјата исклучена нема светлина. Каде оди светлината? Под масата? Низ прозорецот? Не, само престанала да постои. Така, кога ќе почине некој, душата не оди на небото. Таа не оди ни во пеколот. Не оди никаде. Едноставно, престанува да постои.



Надежта на христијаните е воскресението при Христовото повторно доаѓање

## Воскресението
## е надеж на христијаните

Надежта на христијаните не е бесмртност во моментот на смртта, туку во воскресението на телото при Христовото повторно доаѓање. Тогаш се повторува процесот на создавање. На Езекиел му била претскажана Долината на сувите коски. Веројатно станува збор за Долината Гехена (Valley of Gehenna) на југот на Ерусалим. Можно е таму да се одиграла мошне важна битка и скелетите не биле погребани. *„Таму имаше многу, многу коски во полето"* (Езекиел 37,2). Потоа му било кажано да зборува со коските. Тој вели: *„Кога пророкував, се чу шум, и, ете, движење, па почнаа коските да се зближуваат, секоја коска до својата коска"* (стих 7). Таму биле собрани скелетите. Потоа, *„имаше жили на нив, и месо израсна, кожа ги покри одозгора, но дух немаше во нив"* (стих 8). Тогаш повторно почнувал процесот на создавање. Телата биле повторно создадени. Сè било во ред со нив, освен што тие сè уште биле мртви. Тогаш дошол Божјиот здив на животот или духот *„И влезе во нив дух – и тие оживеаја и се исправија на нозете свои – многу, многуброен народ"* (стих 10). Тела плус дух или животен здив е еднакво на живи души.



## Мумиите
## не биле потребни

Што ако телото или коските биле уништени? Можеби некој бил изеден од ајкула, или бил кремиран? Или, што со луѓето од Тибет? Тие живеат на покривот на



Бог го создал Адам од елементите на земјата (правот земски) и му вдахнал дух животен (животна енергија). Тогаш Адам станал жива душа.

светот каде што е земјата цврста и има многу камења, и многу места се под снег во поголемиот дел од годината. Таму копање гроб би била тешка работа, а нема шума за кремирање. Нивното решение на проблемот било да се вработи еден човек кој ќе ги сече телата на парчиња и ќе ги фрла на мршојадците. Уништувањето на телото не претставува проблем за Бога. Нему не му се потребни оригиналните атоми од кои е создадено тоа. Атомите на определен елемент се сите исти. Начинот на кој се групирани тие е тоа што е важно. Нашите тела постојано отфрлуваат атоми и ги заменуваат со други и ние сме сè уште истите луѓе. *„Знаеме дека, кога земното живеалиште на нашето тело, кое е како шатор, ќе се разруши, тогаш ќе имаме од Бога здание, куќа неракотворена, вечно живеалиште на небесата“* (2 Коринќаните 5,1). Не треба да се грижиме. Бог ја има скицата за секого од нас. Тој може да создаде нова целина од атоми и да нè создаде повторно исти какви што сме биле. Истиот изглед, гласот, мислите. Ние ќе си бидеме ние, со додадена перфекција и бесмртност. *„И смрт нема да има веќе; ни плач, ни писк, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“* (Откровение 21,4). Јов го покажал своето уверување во повторното раѓање, без разлика што ќе се случи со неговото тело. *„Но јас знам: Заштитникот мој е жив; Тој го има последниот збор на оваа земја. И кога ќе се распадне кожата моја, во телото мое ќе го видам Бога. Јас сам ќе го видам; моите очи, не очите на друг, ќе го видат Него“* (Јов 19,25-27). *„Бидејќи Господ лично по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господ во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господ“* (1. Солуњаните 4,16.17).



Срećни се оние кои ќе имаат удел во првото воскресение

## Две воскресенија

Како и да е, има една многу важна мисла во врска со ова. Ќе има две воскресенија, и мора да бидеме сигурни дека ќе се појавиме во вистинското. Исус кажал: *„Иде часот кога сите што се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат: кои правеле добро – ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување“* (Јован 5,28.29). *„Сите згрешија и лишени се од славата Божја“* (Римјаните 3,23) и *„платата што ја дава гревот е смрт“* (Римјаните 6,23). Можеби сте живееле пристоен живот. Можеби сте исклучително чесни. Вашето однесување можеби секогаш било добро од морален аспект. Но сепак вашиот карактер е многу далеку во споредба со Исусовиот *„кој не направи никаков грев“* (1. Петрово 2,22). Вие не сте совршени и поради ова го носите товарот на гревот, смртта, вечната смрт. Има само една надеж за вас како и за сите во светот. Верувајте дека добриот Спасител умрел наместо вас: *„Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот во телото свое, та ослободени од гревовите, да живееме за правдата“* (1. Петрово 2,24). Потоа покажете ја својата вера во Него преку почитување на Неговите заповеди, па ќе можете да бидете меѓу оние *„кои правеле добро – ќе воскреснат за живот“* (Јован 5,29).



# ОКУЛТИЗМОТ ВО МИНАТОТО

Консултирањето со окултото не е ништо ново. Уште од најрани времиња луѓето баеле, правеле магии и клетви. Исто така се консултирале со астролози и со спиритисти. Опседнатоста од демони и комуницирањето со мртвите потекнуваат речиси од најраната историја. Пред 3500 години Мојсеј отишол кај фараонот и му рекол: „Пушти го народот мој“, но фараонот одговорил: „Кој е тој Господ, за да го послушам гласот негов, и да ги пуштам синовите израилски? Не го познавам тој Господ, ниту ќе го пуштам народот израилски“ (2. Мојсеева 5, 1.2). Фараонот, за да го покаже својот презир кон Бога, наредил потешки обврски за израелските робови. По Божји налог Мојсеј и Арон отишле повторно кај него. Овој пат го поткрепил своето барање правејќи чудо *„и го фрли Арон стапот свој пред фараонот и пред слугите негови, и тој стана змија“* (2. Мојсеева 7,10). Меѓутоа царот не бил импресиониран. *„Тогаш фараонот ги повика мудреците и волшебниците; и тие го направија истото со своите волшебништва. И секој од нив го фрли својот стап и тие станаа змии“* (стихови 11 и 12). Некои луѓе можеби ќе се запрашаат дали египетските стапови навистина се претвориле во змии, или само изгледале како змии, но *„стапот Аронов ги проголта нивните стапови“* (стих 12). Несомнено, моќта на окултизмот може да направи многу натприродни работи. Поминав многу години во Индија и имам видено чудни работи. На една улична претстава еден изведувач заби долг нож во лицето на неговиот помошник и ножот излезе од другиот образ. Помошникот вресна и почна да му тече крв. Меѓутоа, по изведбата си замина среќен, без разлика на неговата средба со магионичарот. Очигледно е дека не го прободе со нож во лицето, само така изгледаше. Во Египет биле пронајдени стапови какви што користеле магионичарите. Господин Флиндрес Петри (Flinders Petrie) го откопал градот Кахун (Kahun) во Фаијум (Faiyym), и нашол доказ дека голем број еврејски робови биле вклучени во градењето на пирамидите со помош на цигли направени од кал и измешани со слама. Меѓу другите пронајдени предмети имало и црни магионичарски стапови испишани со рецепти



Уште од најрани времиња луѓето баеле, правеле магии и клетви...



Пирамида во Кахун градена со цигли од кал



Древните цивилизации биле заинтересирани за астрологијата

за магија. Стаповите биле на делови и можеле да се спојат на краевите, при што изгледало дека се подолги. Тие сега се изложени во музејот во Манчестер.

## Астрологијата во минатото

Многу клинести плочи релевантни за астрологијата биле пронајдени во Месопотамија. Неодамна биле преведени и било забележано дека многу личат на хороскопите објавени во денешните весници и списанија. Слични плочи биле пронајдени и во Суса - Персија, во Мари - Ирак, во Алак и Угарит - Сирија и во Хатуша Богазкале - Турција на еламитски, акадски и хетитски јазик. Најраните примери потекнуваат од неоасирскиот период, околу 1000 години пред нашата ера. Подоцнежни текстови на арамејски јазик го потврдиле тоа што се мислело претходно. Во Ур, во Сирија и во Вавилон обично се обожавала месечината и се придавало големо значење на нејзиниот изглед во различните фази. Некои работи биле толкувани како знаци за некоја идна опасност. „Ако краевите на месечината се еднакви кога ќе се појави, тогаш на светот му претстои опасност". „Ако лицето на месечината е жолто или зелено на северната страна, тогаш ќе има високи цени и глад во светот". Во некои месеци луѓето биле особено загрижени поради опасноста. „Ако лицето на месечината е зелено во месец Тамуз, тогаш ќе има бура и сите бремени жени панично ќе плачат затоа што уништувачот ќе донесе смрт". „Ако е месечината исправена и има форма на елипса во месец Аб, тогаш ќе има убиство во Египет и глад на југ. Нил ќе биде повлечен и нема да наводнува, и сите гаврани ќе бидат гладни". „Ако месечината има форма на елипса во месецот Адар, тогаш ќе настапи глад, и глувците ќе се размножат".



## Датумот на раѓање

Датумите биле значајни за зодијачките знаци. „Тој што ќе се роди во одреден датум од неделата во знакот на јупитер или месечина, ќе биде мудар водач. Ќе има две жени и на педесет и седумгодишна возраст ќе стане офицер на царската благајна или, пак, ќе работи во неговата палата и ќе ги води државните работи. Тој ќе почине на седумдесет години". Во друга формула се вели: „Тој што ќе се роди во недела во знакот на вага во јупитер или месечина, ќе биде низок и слаб и ќе има светло лице ако се роди во два часот". Очигледно е дека патниците можеле да го проверат својот хороскоп пред да отпатуваат. Во еден текст е напишано: „Овој ден е добар за секаква активност, за купување, за продавање или, пак, за патување". Трговците без сомнеж гледале кој е соодветен момент за да склучат важна зделка. „Осумнаесеттиот ден од месецот е поволен за купување, продавање, посадување семе, градење на објект или, пак, за патување. Поволен е и за купување роб, имот, трговска трансакција за добиток или за сеење семе". Некои формули биле изведени врз основа на законот за веројатност и биле можни да се реализираат исто колку што е можно да се реализираат работите. „Ако бебето го преживее својот прв ден, тогаш опасноста од смртта поминала, и ако човекот кога ќе се разболи ги преживее првите седум дена, тогаш ќе оздрави".



Од обожавањето на Сонцето произлегло и обожавањето на месечината и ѕвездите

## Библијата и астрологијата

Околу 700 година пред Христа, пророкот Исаија остро го укорил претскажувањето на среќата. „Нека излезат оние што го набљудуваат небото, ѕвездобројачите и претскажувачите по новомесечијата, нека те спасат од она што треба да ти се случи. Ете, тие се како слама: оган ќе ги изгори; не ја спасија душата своја од пламенот" (Исаија 47,13.14). Сто години подоцна пророкот Даниел ја демонстрирал во Вавилон залудноста на царските астролози кога се обидуваат да ја предвидат иднината. Царот сонувал еден сон, но неговите мудреци не можеле да го протолкуваат. „Тајната за која прашува царот не можат да му ја откријат ни мудреците, ни маѓесниците, ни јасновидците, ни гледачите". Данило изјавил, „Но на небесата има Бог, кој открива тајни; и Тој ќе му открие на царот Навуходоносор сѐ што ќе се случи во последните денови" (Даниел 2,27.28). Најверојатно, подобро би било преведениот збор 'астролози' да го преведеле како 'маѓепсници' бидејќи преведениот збор 'пророци' буквално значи 'одлучувачи на судбината' меѓу кои спаѓаат и астролозите. Како и да е, астрологијата сигурно многу се практикувала во Вавилон во тоа време и тогаш почнале да се употребуваат зодијачките знаци.

## Зодијачките знаци

До околу 1000 години пред Христа ѕвездите биле нејасно групирани во совездија кои претставувале животни. Подоцна Грците веделе дека сите овие совездија можеле да се сместат во еден круг, кој го нарекле „Zodiakos Kyklos", или „кругот на животните". Зодијачките знаци најверојатно биле еднакво поделени на 12 до почетокот на вавилонскиот период. Идејата се проширила до Египет до третиот век пред нашата ера. Во храмот на Дендера се наоѓа еден олтар на горниот кат и на неговиот таван има прецизен зодијачки дијаграм. Оттаму идејата се проширила во Рим и во западниот свет. Астрологијата се развила од популарното древно почитување на богот на сонцето, кој бил наречен Шамаш (Shamash) во семитските јазици, Амон Ра во Египет и Хелиос во



Грција. Бидејќи го обожавале сонцето, било многу нормално што сметале дека ѕвездите и планетите се богови и што верувале дека тие ја контролираат судбината. Кога напреднала науката, луѓето сфатиле дека небесните тела не се богови. Меѓутоа сè уште останало верувањето дека ѕвездите влијаат врз нештата на земјата и токму заради тоа бизнисот на астролошките измамници сè уште е во процут.





Зодијачките знаци на таванот во храмот на Дендера



Црн дроб од глина

## Предвидување

Друг метод што бил користен за претскажување или за влијание врз иднината било предвидувањето. Еден ран метод за добивање предзнаци за иднината била анализата на црниот дроб од свежо убиена овца. Кога Навуходоносор се нашол на раскрсница, најверојатно кај Ерихон, не знаел дали да оди на исток и да го нападне Аман, или, пак, да оди на запад и да маршира до Ерусалим. Езекил 21,21 пишува: *„Зашто вавилонскиот цар застана на крстопатот, при почетокот на двете патеки за да претскажува: ги прегледува стрелите, ги прашува идолите, гледа на црн дроб“.* Во Месопотамија биле пронајдени неколку глинени предмети со облик на џигер и на нив имало напишани детални упатства за определување на значењето на знаците на џигерите од штотуку убиените животни. Анализата на џигер како и модерното гледање на рака и прачката за откривање на подземни води најверојатно се сметале како средства за отсликување натприродна интервенција. Честопати кога ќе се применел совет од таквите методи резултатите биле задоволителни. Еден таков пример е освојувањето на Ерусалим од страна на Навуходоносор.

## Спиритизам

Во модерното време комуницирањето со мртвите се смета за една од најпопуларните форми на натприродна интервенција. Баба ми беше спиритистка. Нејзиниот сопруг починал пред да се родам. Таа почнала да оди на неделни состаноци кај спиритистички посредник преку кој комуницирала со својот сопруг. Тоа не било халуцинација или измама на итриот спиритистички посредник. Баба ми навистина комуницирала со духот за нешта што ги знаеле само таа и дедо ми. Не е можно спиритистичкиот посредник да ги измислил тие интимни информации. Татко ми починал кога имав шеснаесет години. Мајка ми редовно се консултираше со една жена која гледаше на рака. Во една пригода мајка ми организираше забава и ја покани жената да дојде за да ги забавува гостите. Таа им ја претскажуваше иднината на гостите. На крајот сите се свртеа кон мене и ме убедуваа да прифатам да зборувам со жената. Не бев заинтересиран за таква фантазија, но за да ѝ угодам на мајка ми, на крајот сепак прифатив. Г-ѓа Х ми ја зеде дланката и внимателно почна да ја гледа додека низ мене поминуваа чувства на циничен презир. Тогаш почна да зборува дека ме чека прекрасна иднина и дека неизбежно ќе запознаам убавица со црна коса. Ова беше копија на пишаните работи од книгите. Меѓутоа, таа почна да споменува некои работи што ми се случуваа во тоа време. Г-ѓа Х, мајка ми или кој било друг од забавата не можеа да знаат за тие работи. Јас не бев најмирното дете во соседството. Направив некои работи за кои не сакав да знае мајка ми, така што јас ѝ се заблагодарив набрзина и излегов. Дома бевме атеисти и иако немав познавање за Бога и Библијата, никој не може да ме убеди дека со г-ѓа Х не комуницираше некоја натприродна сила и ѝ кажуваше некои работи за мене за кои сакав да останат тајна.



Читање на иднината од дланка



Саул кај вештерката од Ен-Дор



## Дилемата на Саул

Првата средба која е запишана во историјата е најдена во 1. Самоилова 28. Едно предвечерје царот Саул се наоѓал пред најважната битка во својот живот. Моќната филистејска армија го нападнала Израел и направила логори во долината Сунем. Армијата на Саул била повлечена во близина на планината Гелвуја и тој очајнички сакал да знае што да прави. *„Тогаш Саул го праша Господа; но Господ не му одговараше ни на сон ни преку урим, ни преку пророците“* (1. Самоилова 28,6). Ова е шокантна вест за некои луѓе што мислат дека Бог ќе одговори на секоја искрена молитва. Искреноста никогаш нема да го заземе местото на послушноста. Пророкот Самоил му кажал на Саул: *„Послушноста е подобра од жртвата, и покорувањето – подобро отколку овчешкото месо“* (1. Самоилова 15,22). Но тој не го послушал. Сакал да ги прави нештата на свој начин. Првосвештеникот носел плочка на градите на која било напишано Урим и Тумим, што значи 'светла и перфекции' (3. Мојсеева 8,8). Кога било потребно да се даваат совети, молителот го консултирал првосвештеникот кој би *„се прашал за решенија за него преку Рим пред Господ; и според зборот негов секогаш да постапуваат“* (4. Мојсеева 27,21). Потоа Божествена светлина ќе го осветлела Урим ако одговорот бил „Да“, и сенка ќе паднела преку Тумим доколку одговорот бил негативен. Но додека Саул го консултирал Урим *„ГОСПОД не му одговори“*. Причината била очигледна за Саул. Тој веќе ги имал масакрирано сите Божји свештеници во Нов, на мес-

тоположбата на светилиштето (1. Самоилова 22,18.19). Бидејќи тој веќе го одбил советот од посочениот од Бога пророк Самуил, не добил одговор преку соништата ниту од пророците.

# Вражарката
## од Ен-Дор

Очаен, Саул се насочил кон спиритистички посредник. Бог го забранил тоа. *„Не одете по оние што повикуваат духови на мртви, и до маѓесници не доближувајте се, и не дозволувајте да ве осквернат. Јас сум Господ, Бог ваш“* (3. Мојсеева 19,31). Всушност, Бог наредил *„маж или жена, ако извикува духови на мртви, или ако вража, да бидат убиени; со камења да ги убиете, виновни се“* (3. Мојсеева 20,27). Во претходните години кога бил крал, Саул ја спроведувал оваа наредба, но сега тој бил во неволја. Му била потребна помош, а таа не доаѓала од Бога. *„И им рече Саул на слугите свои: Најдете ми жена што повикува духови, и јас ќе одам кај неа и ќе ја прашам“* (1. Самоилова 28,7). *„И му одговорија неговите слуги: 'Тука во Ен-Дор има жена што повикува духови'“* (стих 7). Ен-Дор лежи во подножјето на планината Тавор. Тоа значело дека тој и неговата придружба требало да ги преминат границата со непријателите, но Саул бил подготвен да ризикува за да го добие советот што му бил потребен.








**Библијата е јасна**, таа вели: „Не одете по оние што повикуваат духови на мртви, и до маѓесници не доближувајте се...“



При пристигнувањето *„жената праша: А кого да ти го повикам? Тој одговори: Повикај ми го Самоил“* (стих 11). Било чудно што Саул барал помош од мртов човек, чии совети ги отфрлал во текот на животот. Самоил починал, стих 3, но кажано ни е дека „жената го виде Самоил“. Кој и да се појавел, таа мислела дека бил Самоил, и тој веднаш ѝ кажал нешто што таа не знаела. Го прашала кралот: *„Зошто ме излажа? Ти си Саул“* (стих 12). Саул ги смирил нејзините стравови и ја прашал што видела. Таа одговорила: *„Видов дух како излегува од земјата... постар маж, облечен во долга облека“* (стих 14). *„Тогаш Саул дозна дека е тоа Самоил“* (стих 14). Потоа следувал разговор меѓу Саул и привидението од лик за кој тој мислел дека е Самоил. Со сигурност може да се каже дека тоа сигурно не бил тој, бидејќи тој веќе бил починат, а Бог вели дека *„мртвите не знаат ништо“* (Проповедник 9,5). Ако Бог не му одговорил на Саул преку пророците, тогаш ни ова не можело да биде пророкот Самоил. Тој не би бил стар доколку бил бесмртен, ниту пак ќе се подигнел од земјата ако бил дојден од небото. Како и да е, некој се појавил пред Саул и зборувал со него, и тоа предвидување станало вистина. Саул и неговите синови починале во битка следниот ден. Кого повикала жената? Тоа сигурно не бил Бог, бидејќи *„Саул умре поради своето беззаконие, што го направи пред Господ, зашто не ги запази зборовите Господови и се допрашуваше до вражачите“* (1. Летописи 10,13).





# Ѓаволот постои

Библијата нè учи дека е ѓаволот реално суштество. Тој лично се појавил пред Христа и го предизвикал да ги претвори камењата во леб. Тој го довел до врвот на храмот и му предложил да се фрли надолу. Најпосле го одвел до висока планина и му ги понудил сите царства на овој свет во замена за Христовото покорување пред него (Матеј 4,1-11). Во Новиот завет има многу случаи во кои ѓаволот управувал со луѓе што се предале на неговата контрола. Марија Магдалена била опседната со седум демони (Лука 8,2). Во 2. Коринќаните 11,14 ѓаволот е наречен ангел на светлината и Исус му се обраќа како на *„принц на овој свет“* (Јован 14,30). Ѓаволот го посетил небото; му било дозволено да го уништи стадото овци на Јов и да ги убие неговите синови и ќерки (Јов 1,12-19).

# Милиони ангели

Бог не е сам во сопствениот универзум. Околу неговиот престол има *„илјадници и милиони небесни ангели“* (Откровение 5,11). Ова не се духови на мртвите, имало ангели на вратите на Едемската градина уште многу пред кој било да умре на овој свет (1. Мојсеева 3,24). Тие се вистински суштества кои „се крепки по сила“ (Псалм 103,20), кои се надмоќни во однос на луѓето (Псалм 8,5), и кои имаат доволно сила да уништат 185000 војници во една ноќ (2. Царевите 19,35). Ангелите се испратени од Бога за да „им служат на оние што ќе го наследат спасението“ (Евреите 1,14), и *„ангел Господов се запоѓорува околу оние, кои се плашат од Него, и ги спасува“* (Псалм 34,7). Пред да биде создаден, прв меѓу ангелите бил Луцифер, чие име на еврејски значи *„оној што свети“* (Исаија 14,12). Бог му кажал: *„Ти си печат на совршенството, полнота на мудроста и венец на убавината.*





„старата змија, наречена ѓавол и сатана...“

*Ти беше во Едем, во Божјата градина“* (Езекиел 28,12). *„Ти беше помазан херувим-заштитник... совршен во патиштата свои, од денот кога беше создаден“* (стихови 14,15). Иако ова жалење е адресирано до царот на Тир, од реченицата може да се заклучи дека Бог примарно му се обраќа на сатаната, или Луцифер, кој претставувал зла моќ зад царот на Тир: на пример, царот никогаш не бил во Едемската градина, а Луцифер бил. Во Исаија 14,4-14 Бог слично му се обраќа на царот на Вавилон како на претставник на Луцифер. Значи, Луцифер бил ангел, создадено суштество перфектно на секој начин, но нешто тргнало наопаку. Во него било најдено зло (Езекиел 28,15). Бог рече: *„Како падна ти од небото, Денице, сине на зората... А во срцето свое си велеше: Ќе се искачам на небото, ќе се искачам до висините на облаците, ќе бидам рамен на Севишниот“* (Исаија 14,12-14).

## Дали Бог
## го создал ѓаволот?

Зошто Бог создал некого кој толку може да згреши? Затоа што тој им ја дал на сите интелигентни суштества слободата на избор. Тој никого не присилува на послушност. Само сака доброволна послушност од љубов. Немало причина Луцифер толку да застрани. Тој имал висока позиција на небесните судови, но во него почнале да тлеат чувства на гордост и амбиција, и тој му се противставил на Бога. Тогаш, зошто Бог не го уништил? Луцифер бил на висока позиција и бил многу мудар, така што имал моќ да ги измами лојалните ангели. Доколку Бог го уништел Луцифер, лојалните ангели не би го разбрале тој дел и би му служеле на Бога од страв, а не од љубов. Треба да им се даде време на лојалните ангели и на останатите во универзумот да видат каде ќе води побуната на Луцифер. По некое време тој бил протеран од небото *„и настана војна на небото: Михаил и неговите ангели војуваа против змејот, а змејот и неговите ангели војуваа против нив; и беше исфрлен големиот змеј – старата змија, наречена ѓавол и сатана, која ја мами целата вселена, беше соборена на земјата, и заедно со неа и ангелите нејзини беа исфрлени“* (Откровение 12,7-9). Ѓаволот е познат како сатана, збор што значи „соперник“. Неговите заблуди биле толку измамнички што една третина од ангелите застанале на негова страна и биле протерани од небото (стих 4). Тоа се многу ѓаволи на овој свет кои се обидуваат да ги измамат луѓето и да предизвикаат нереди. Во Откровение 5,11 ни се открива дека ангелите околу престолот се многубројни и тоа *„десет илјади по десет илјади и илјадници илјади“*. Ако има најмалку 100 милиони лојални ангели кои му служат на Бога на небото, и една третина од првичниот број го следат Луцифер, има најмалку 50 милиони зли ангели околу нас.

## Сатаната ги
## олицетворува мртвите

Овие зли ангели имаат голема моќ. Тие можат да прават чуда (Откровение 16,14), и можат да зборуваат со луѓето. Запознаени се со животите на оние што се живи и можат да ги олицетворат мртвите. Токму тие се појавуваат на сеансите и ги откриваат тајните што ги



АРХЕОЛОГИЈА

# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# ПОГРЕБНИТЕ ОБИЧАИ
# ВО БИБЛИСКИТЕ ЗЕМЈИ

***1.*** За кои два ентитети верувале Египќаните дека го напуштаат телото при смртта?

Одговор:

***2.*** Колку погребни бродови имал Кеопс близу неговата голема пирамида?

Одговор:

***3.*** Колку мумии биле најдени во пирамидите? Одговор:

***4.*** Во кој град била пронајдена гробницата на кралицата Јабаја?

Одговор:

***5.*** Што правеле Римјаните со мртвите? Одговор:

***6.*** Што значат еврејските зборови „БЕТ ШЕАРИМ“?

Одговор:

***7.*** Што знаат мртвите? Одговор:

***8.*** Дали е можно душата да умре? Одговор:

***9.*** За колку воскресенија зборувал Исус? Одговор:

***10.*** Дали може едно тело да биде воскреснато откако целосно ќе се распадне?

Одговор:

***** Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ОКУЛТИЗМОТ ВО МИНАТОТО

***1.*** Каде во Египет Петри (Petrie) ги пронашол стаповите на маѓепсниците?
Одговор:

***2.*** Кој е приближниот датум на најраните познати плочи за астрологијата?
Одговор:

***3.*** Кој библиски пророк го осудувал практикувањето на астрологијата?
Одговор:

***4.*** Кој животински орган бил користен за предвидување? Одговор:

***5.*** Каде се одржала првата позната сеанса? Одговор:

***6.*** Како можеме да знаеме дека духот што го видел Саул не бил Самуил?
Одговор:

***7.*** Како можеме да знаеме дека ангелите не се духови на мртвите?
Одговор:

***8.*** Како се викал ѓаволот пред да стори грев? Одговор:

***9.*** Дали злите ангели можат да прават чуда? Одговор:

***10.*** а) Каква опомена му упатува Бог на Адам за последиците ако проба од забранетите плодови? Одговор: а)
б) Кое лажно ветување ѝ го дала змијата на Ева во Едемската градина?
Одговор: б)

***11.*** Дополнете ги зборовите на Исус кои недостасуваат:
„Јас дојдов за да имаат ______ и да го имаат ______" Јован 10,10.

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

**Ваши податоци**

Име и презиме | Телефон

Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**

знаат само најблиските. Демоните можат да олицетворат секого, дури и Исусовата мајка Марија. На овој начин тие имаат голема моќ да ги доведат луѓето во заблуда и да ги убедат да поверуваат дека се мртвите сè уште живи. Бог јасно им кажал на Адам и Ева дека јадењето на забранетото овошје (непослушноста) ќе резултира со смрт (Битие 3,3). Во Рајската градина ѓаволот се претворил во змија и зборувал со Ева. Тој ѝ кажал: *„Не, нема да умрете!"* (1. Мојсеева 3,4) и оттогаш ја пренесува таа лага. Но оние што веруваат во Бога знаат дека е тоа лага. Кога починало бебето - синот на цар Давид, царот рекол: *„А сега е умрено; зошто да постам? Зар можам да го вратам? Јас ќе отидам кај него, тоа нема да се врати кај мене"* (2. Самоилова 12,23). Пред многу години имав можност да посетам една куќа во Чеснок (Cessnock). Ролетните беа спуштени и беше темно во куќата. Додека чекав да ми отвори некој по моето чукање на вратата, имав чудно чувство. Конечно, вратата се отвори и јас започнав разговор со жената од куќата, која изгледаше мошне депресивно. Брзо ја открив причината. Таа ми кажа дека нејзиниот сопруг починал и дека има син единец, двегодишно момче по име Рони. Ми кажа како малиот Рони седел на нејзините раменици кога одела да купува во продавниците. Навистина многу го сакала нејзиниот мал Рони, но и тој починал и таа се скршила од болка. По неколку месеци, кога повторно одела во продавници да купува, почувствувала позната тежина на нејзините раменици. Погледнала нагоре и таму бил тој – малиот Рони. Оттогаш, вели таа, Рони често седи на нејзините раменици кога се движи надвор по улицата.



Понекогаш од чиста љубопитност луѓето одат на спиритистички сеанси каде се повикуваат духовите на умрените

## Ѓаволот седи
### на нејзиното рамо

Јас бев преплашен. Затреперив при помислата некој да прошета по улица со ѓавол на рамото. Се обидов да ѝ објаснам дека нејзиниот син спие во својот гроб и мирно го чека Исус за да биде вратен во живот. Ѝ кажав дека е тоа зол ангел кој сурово го олицетворува нејзиниот малечок Рони, но не можев да ја убедам. Малку подоцна забележав еден оглас во локалниот весник. Мајката на Рони ги повикуваше луѓето што се тажни поради смртта на нивни блиски, нудејќи им можност за средба со починатите. Таа направила бизнис како спиритистички посредник. *„И кога ќе ви речат: Обратете се кон оние што извикуваат кон мртовци и кон маѓесници, кон бајачи и оние што говорат од стомак, тогаш одговорете: не треба ли народот да се обраќа кон својот Бог? Се прашуваат ли мртви за живи?"* (Исаија 8,19). Одговорот е очигледен: НЕ! Тоа е ѓаволот или неговите зли ангели во тие посредници кои се ставени под негова контрола, која им го уништува овој живот сега, но и вечниот живот во иднина. *„А на плашливците и неверниците, на поганите и убијците, на блудниците и маѓесниците, на идолопоклониците и на сите што лажат, делот им е во езерото што гори со оган и сулфур"* (Откровение 21,8).

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 10, година II, 2015 | Месечно издание |
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** |
Издава: **АИК „Знаци на времето“**, Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** |
e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

# Животот доаѓа
## единствено преку Исус

Смртта на луѓето не е Божја желба. Исус кажал: *„Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилство"* (Јован 10,10). Не му било лесно на Божјиот Син да ја преземе улогата на човечкиот род. Било незамисливо дека тој, роден од мајка Марија, кој живеел како човек, бил Бог на земјата. Не го препознавале и не го почитувале. Тој бил *„презиран и отфрлен од луѓето"*, и третиран со потсмев од страна на повеќето со кои контактирал и сето тоа го издржал за ние не само да имаме живот туку и *„живот во изобилство"*. Оние што го прифаќаат Христа како нивен Спасител, не само што ќе добијат вечен живот туку ќе почувствуваат и радост и спокојство сега. Сепак, мнозинството ја одбива оваа понуда. Тие не се согласуваат со почитувањето и држењето на Божјите заповеди. Сакаат да живеат на свој начин. Тие повеќе веруваат во нивниот хороскоп и се консултираат со претскажувачите на иднината отколку што го следат патот на верата и послушноста. Исус со тага им зборувал на фарисеите: *„Но не сакате да дојдете кај мене за*



*да имате живот"* (Јован 5, 40). Сепак Тој е единствениот извор на животот. ***„Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде својот единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот"*** (Јован 3,16).

## ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:

**МЕДИЦИНАТА** и здравјето пред многу години

**КОВАНИТЕ ПАРИ** во антиката

- Еберсовиот папирус
- Здравствените закони на древните Евреи
- Начинот на исхрана и здравјето
- Првите ковани пари
- Историски информации базирани на монети

